РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ЈАВНА УСТАНОВА
ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА
Бр. 05-219/2
01.11. 2024 год.
КРАТОВО

Врз основа на член 77 од Законот за јавни набавки („Сл.весник на РМ" бр.24/19), а согласно Годишниот план за јавни набавки на ЈУ Центар за социјална работа Кратово бр.05-10 од 05.01.2024 година, В.Д. Директорот на ЈУ Центар за социјална работа Кратово на ден 01.11.2024 година донесе:

# ОДЛУКА

за потреба од јавна набавка на гориво за службените моторни возила

1.За потребите на ЈУ Центар за социјална работа Кратово, потребно е да се спроведе јавна набавка од мала вредност и тоа: **Набавка на гориво за службените моторни возила.**

2. Проценетата вредност на **Набавката на гориво за службените моторни возила** изнесува **82.000,00 денари без вклучен ДДВ**, ДДВ со вредност од 14.760 денари или вкупната вредност со вклучено ДДВ изнесува 96.760,00 денари.

3.Изворот за реализација на јавната набавка е од буџетски средства обезбедени од страна на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

4.За спроведување на набавката на наведените стоки ќе се користи постапка за набавка од мала вредност ( преку ЕСЈН со е-аукција).

5.За целосна реализација на постапката за доделување на договор за јавна набавка се формира комисија за јавна набавка со состав :

1. Анита Крстевска Стефанова - претседател
2. Димитар Атанасовски - член
3. Марија Постолов - член
4. Љубомир Арсовски - заменик претседател
5. Наташа Смиљкова - заменик член
6. Марио Георгиев - заменик член

6. Критериуми за доделување на договорот за јавна набавка да бидат:
Економски најповолна понуда - најниска цена

7. Се задолжува Комисијата да ја спроведе оваа Одлука.

## Образложение

Договорниот орган ЈУ Центар за социјална работа Кратово согласно Планот за јавни набавки за 2024 година бр.05-10 од 05.01.2024 година има предвидено **Набавка на гориво за службените моторни возила** согласно спецификацијата, висина на проценета вредност од 164.000,оо денари без ДДВ, ДДВ со вредност од 29.520 денари или вкупната вредност со вклучено ДДВ изнесува 193.520,00 денари. Поради тоа што Центарот не ја реализирал набавката со очекуваниот почеток на постапката во месец Февруари 2024 година и веќе презел обврски за предвидената намена во износ од 60.000.00 денари висината на проценета вредност за Набавка на гориво за службените моторни возила изнесува **82.000,00 денари без вклучен ДДВ, ДДВ со вредност од 14.760 денари или вкупната вредност со вклучено ДДВ изнесува 96.760.000,00 денари**. Набавката е предвидена за потребите на ЈУ Центар за социјална работа Кратово, за нормално одвивање на процесот на работа во установата и превоз на корисници од Дневен центар за лица со ментална или телесна попреченост - Кратово.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

Доставено до: ЈУ Центар за социјална работа Кратово- Комисија за јавна набавка

В.Д Директор
Горан Цветковски